Во согласност со членовите 54, 63 и 65 од Законот за високото образование (Службен весник на Р.Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, и 30/16) како и во согласност со член 37 од Статутот на Универзитетот, ректорот ја одобри следнава:

# ПРОЦЕДУРА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДЕКАН

1. Деканот на факултетот се именува од, со полно работно време вработениот, академски кадар на факултетот со наставно-научно звање редовен професор и/или вонреден професор или визитинг професор (или доцент доколку нема соодветен повисок ранг). Периодот на именување е за период до 31 август 2018 година во зависност од годишната евалуација од ректорот и е предмет на стратегиско ревидирање. Дополнителните критериуми кои треба да ги исполнува кандидатот сдетално се наведени во описот на работното место кој е објавен со конкурсот.

2. Конкурсот за пополнување на ова работно место ќе биде објавен јавно од Канцеларијата за човечки ресурси (КЧР), рестриктивно за академскиот кадар од соодветниот факултет со посебно назначен период за апликација. Пријавените кандидати го преземаат одредениот формулар за апликација од веб-страницата на универзитетот. Целосно комплетираните апликации во пропишаниот формат и со пропишаниот јазик мора да се достават до одредениот краен рок. Како поддршка на апликацијата можат да се достават и некои други докази.

3. Канцеларијата за човечки ресурси, под надзор на генералниот секретар , осигурува дека сите апликации се доверливи.

4. По датумот на затворање, сите апликации кои се комплетни и кои се во согласност со критериумите се испраќаат за препорака кај ректорот.

5. Сите апликации ќе бидат внимателно разгледани од ректорот во соработка со Канцеларијата за човечки ресурси. Ова внимателно разгледување е со цел да се осигури усогласување со критериумите во одобрениот документ Опис на работното место. Лицата чии апликации нема да го поминат внимателното разгледување се елиминираат од учество и за тоа ќе бидат информирани.

6. Сите апликации кои ќе влезат во потесниот избор ќе бидат испратени до советите на факултетите. На посебно свикан состанок, со кој ќе претседава деканот, или доколку деканот е кандидат тогаш продеканот, ќе се даде коментар за академскиот статус на кандидатите и за нивните административни и лидерски капацитети според документот Опис на работното место. Кандидатите не треба да бидат присутни кога ќе се дискутира за нивната апликација. Советот тогаш доставува писмено резиме на своите коментари директно до ректорот, без рангирање или гласање за кандидатите. Ова треба да се заврши најдоцна до три дена по состанокот на советот на факултетот.

7. Ректорот ја разгледува листата на предлози од советите на факултетите и на сите други кандидати чии апликации го поминале процесот на

внимателно разгледување и одлучува да предложи еден кандидат за секој факултет за именување од Извршниот комитет на Универзитетот. Ректорот го задржува правото да направи понатамошна евалуација на активностите на кандидатите пред да достави конечни препораки.

8. Извршниот комитет ги добива предлозите од ректорот, донесува конечна одлука, доколку е потребно со мнозинство на гласови и го информира ректорот. Во случај кога нема да има именување, процедурата се повторува.

9. Генералниот секретар ги информира вреботените и КЧР за резултатите од процесот во рок од три дена.

10. КЧР изготвува Одлука за избраниот декан.

Распоред за тековниот циклус за именување на деканите:

| | |
|---|---|
| На 29 февруари | Се отвора конкурсот за пријавување |
| На 24 јуни | Се затвора процесот на пријавување |
| До 01 јули | Потесен избор на кандидати |
| До 12 јули | Посебни состаноци на советите на факултетите |
| До 15 јули | Испраќање на извештајот до ректорот |
| До 15 август | Интервјуа со кандидатите |
| До 20 август | Препораките се препраќаат до Извршниот комитет |
| Крај на август | Именување декани од Извршниот комитет |
| На 1 септември | Новиот декан ја презема позицијата |